# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 април 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,04 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адими, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубиша Георгиевски, Стојан Андов, Верица Филипова,Фијат Цаноски, Благој Зашов, Радмила Шекеринска, Абдулади Вејсели, Нада Станчевска и Иван Стоиљковиќ, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Десетта точка - Предлог за донесување на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија.**

Продолжуваме со претресот.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министре за правда,

Очекував дека оваа точка ќе предизвика поголемо внимание кај колегите пратеници, но се надевам дека во текот на расправата ќе имаме поголем број на присутни во салата.

Почитувани колеги пратеници,

Јас навистина повеќе би сакала да дебатирам со министерот за правда околу оваа точка. Не го кажувам ова во никој случај со цел да заменикот се почувствува навреден, како некомпетентен, туку го кажувам од сосема други побуди, затоа што министерот беше тој кој го даде воведниот збор за овој закон. На мое барање ни беа доставени стенограмите, поради тоа, како што кажав и тогаш, затоа што заменикот министер односно министерот кажа некои работи што ги нема во образложението. Излезе надвор од тоа. И јас би сакала да се осврнам на некои негови искази. Но, секако дека министерот, можеби, во овој момент има и некои други обврски кои се приоритетни. Се надевам дека забелешките ќе му бидат искажани. Имам сознание дека е во градот од каде што јас доаѓам, во Прилеп, не знам што таму работи, но се надевам дека успешно ќе ја заврши мисијата за која што е појден.

Почитувани колеги пратеници,

Пред нас се наоѓа законот што се однесува на Советот на јавни обвинители. Пред два дена завршивме со дебатата околу Законот за Јавното обвинителство. Јас и во овој момент сакам да го искажам моето жалење што се случи на таа седница, токму поради тоа што дебатиравме за еден многу сериозен закон, јас бев една од тие кои извесно време бев надвор од салата. Секогаш ја кажувам вистината, затоа што беше така, но со една тактика од парламентарното мнозинство, расправата беше затворена, но и тоа е легитимно, и тоа се случува. Јас немав можност да ги искажам моите забелешки и забелешките на ЛДП во однос на Законот за јавно обвинителство.

Но, и покрај тоа што се случи, јас сакам да настапам апсолутно конструктивно и нема да се навраќам на Законот за јавно обвинителство, иако сметам дека ќе беше добро да дел од забелешките бидат внесени, како стенограм и доставени до министерот.

Ќе се задржам само на она што беше тема на денешната дискусија.

Почитувани колеги пратеници,

Реков дека се работи за една сосема важна проблематика. Знаеме дека овие два закони произлегуваат од измените на Уставот, односно од уставните амандмани, поточко од амандманот 30, што беше донесен и кои амандмани беа усвоени од ова Собрание некаде пред една година. Се со една единствена цел да се овозможи независно судство, да се пристапи кон реформи во судството, да се овозможи што е можно поголема независност и ефикасност во судството, исто така и во Јавното обвинителство.

Ја знаеме улогата на јавниот обвинител и воопшто на Јавното обвинителство, во она што го има во целокупниот амбиент, особено во справувањето со корупцијата. Овде не би сакала да говорам на таа тема, затоа што на сите ни е познато која е улогата на јавниот обвинител. А, со донесувањето на овие два закони уште повеќе се зајакнува и неговата улога во борбата против корупцијата.

Токму поради тоа, бидејќи јавниот обвинител има една многу одговорна задача, што треба да ја исполнува со апсолутна посветеност и целокупен ангажман, а знаеме колку борбата и справувањето со корупцијата, каков приоритет претставува за Република Македонија и во насока на целокупниот економски амбиент што го имаме и треба да го имаме во државта и во насока на интеграциите што ни претстојат во Европската унија, токму поради тоа сакам на самиот почеток да ја искажам мојата загриженост зошто, кога ги добивавме овие два закони, кога дебатиравме на комисиите, матични за овие закони, не ни беше доставено и Мислењето на Венецијанската комисија што пред се се однесува на членот 41 од Законот за јавно обвинителство. А, секако е и

во индиректна врска со Законот за Советот на јавни обвинители.

Почитувани колеги пратеници,

Самиот министер кажа дека со овој закон се уредува нормативно-правната рамка за востановување на Совет на јавни обвинители, се дефинира постапката за избор и разрешување на јавните обвинители, согласно амандманите на Уставот на Република Македонија. И, понатаму рече дека со овој закон се дизејнира, врз основа на иницијативата и мерките, следејќи ја стратегијата на правосудниот систем, Јавното обвинителство, покрај другото се ревидира и обемот на системот за избори и разрешување, како и редефинирање на поставеноста, составот и надлежноста на делото, се со една единствена цел, како што вели, да се обезбеди совесно и независно вршење на Јавното обвинителство, функција предвидена со повеќе активности во правец на максимално ослободување од политичко влијание во процесите на изборот и разрешување на јавните обвинители.

Понатаму говори за самостојноста на Јавното обвинителство, кое што ќе се обезбеди, како што и самиот вели, преку составот на Советот на јавни обвинители. Токму за тоа сакам да говорам почитувани колеги, затоа што вака, како што е дефиниран составот на јавни обвинители, јас морам да го искажам моето сомнение дека може да се овозможи политички независно да делува ова тело.

Зошто го говорам ова? Ако го погледнеме членот 6 од законот по кој што дебатираме во овој момент, ќе видиме дека Советот е составен од 11 члена од кои, по функција се министерот за правда, јавниот обвинител на Република Македонија. Тоа се двата члена. Потоа, имаме по еден член на Советот што го избираат јавните обвинители на Јавното обвинителство на Република Македонија од своите редови и тоа сега ги набројува од подрачјето на виши јавни обвинителства Битола, Гостивар, Скопје и Штип по еден член од своите редови, еден член на Советот е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија и тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија.

Од овие 11 членови, вака како што имаме до сега, составот, сметам дека 6 ќе бидат политички зависни. Зошто го говорам ова?

Ако го имаме предвид фактот, членот 41, кој реков дека беше дел од Законот за Јавното обвинителство каде што јавниот обвинител се избира по предлог на Владата, го избира Собранието и тоа со просто мнозинство, но притоа не почитувајќи го мислењето на Советот на јавни обвинители што ќе го даде, затоа што тоа нема никакво обврзувачко дејство, на што всушност и ни забележува Венецијанската комисија, апсолутно јавниот обвинител очекуваме да биде под политичко влијание на партијата чија што влада ќе го предложи партијата што го има парламентарното мнозинство. Тука не можеме да говориме за независен член.

Потоа, продолжувам понатаму, го имаме министерот за правда. Знаеме дека министерот за правда, впрочем како и сите министри се избираат од редот на партиите што го прават парламентарното мнозинство и тоа како и целата влада, и тој се избира со 61 глас.

Да не должам или да поедноставам, тоа е човек кој е од партијата која е на власт. Тоа се два члена.

Исто така, тројцата членови кои ги избира Собранието на Република Македонија се од редот на истакнати правници и тоа е добро. Меѓутоа, ако и овие членови, почитувани колеги се бираат со просто мнозинство, и тука немаме никакво влијание или не можеме да зборуваме исклучиво дека се избрани само врз основа на нивните експертски знаења, туку напротив, да бидеме искрени, тоа пак ќе бидат луѓе што ќе бидат по мерка и желба избрани од парламентарно мнозинство.

Ако го погледнеме ваквиот концепт, тоа значи дека не можеме да говориме за независен судски совет, судски совет што повеќе ќе се темели на стручноста, компетентноста избран од редот на истакнати правници, туку напротив ќе биде под големо партиско влијание. Според тоа, ако работите останат вака, јас навистина не знам зошто ни беше потребно да пристапиме кон измените на Уставот, зошто со месеци, а можеби и цела година, тука е поранешната министерка за правда најдобро запозната, се дебатираше и се договараше со тогашната опозиција што е прифатливо за нив, што не е прифатливо и на крај да постигнеме еден консензус, со 2/3 мнозинство да ги изгласаме уставните амандмани.

Немам толку голема дилема околу тоа дали министерот за правда треба да биде дел од составот на советот, но гледајќи во целина, целокупниот состав, мислам дека апсолутно ќе има партиско влијание и секако дека тука ќе биде и улогата на министерот за правда доста значајна при одлучувањето на овој совет.

Самиот министер, не знам поради што, кажа дека некои од пратениците на одредени комисии искажале дека кај министерот се акумулираат функциите и тоа, вели, покрај тоа што по функција ќе биде член и на Советот на јавни обвинители, веќе е и член на Академијата за обука на судии и обвинители, потоа на Судскиот буџетски совет и Судскиот совет на Република Македонија. Притоа се амнестира со тоа што ниту еден од овие закони не ги донела оваа Влада. Но, почитувани колеги пратеници, ако не се согласувате со ова, сметате дека на министерот не му е местото таму, мислам дека во секој момент го имате парламентарното мнозинство, можете да пристапите кон измена на овие закони и да го ослободите министерот од овие функции што ги има, затоа што очигледно дека и самиот, како што кажа, нема да може да ги обавува успешно.

Понатаму, вели дека, од стенографските белешки, дека навистина ќе, можеби ќе се пристапи кон измена на овие закони. Јас очекувам дека министерот ќе биде доследен на ова и што поскоро до Собранието ќе ни достави закони каде што тој ќе биде изземен, барем од дел на овие функции. Според мене, очекувам да не биде повеќе во Судскиот совет на Република Македонија или во Академијата за обука на судии и обвинители. Во тој случај би можел да остане и во Советот на јавни обвинители, затоа што реков дека за мене не е толку спорна неговата улога, туку е многу посимптоматично што најголем број на членовите, односно 6 членови ќе бидат бирани без да може опозицијата да го каже своето мислење или сугестии, односно ќе си ги избираат партиите што се на власт. Тоа не е добро ако сакаме да имаме навистина независно Јавно обвинителство, ако навистина сметаме да имаме еден сериозен пристап во борбата со корупцијата, а не и тоа да биде само обичен партиски реваншизам што нема да има понатаму никаква судска разрешница. Наместо да одиме чекор по чекор кон справување со корупцијата, ние ќе се враќаме назад. Македонија, се повеќе и повеќе ќе се наоѓа на дното на листата на земјите кои имаат ефикасна борба со корупцијата.

Зошто го говорам ова дека навистина е потребен и е важна улогата на Советот на јавни обвинители и дека е важно да тој биде партиски независен, да биде ослободен од партиските влијанија и да биде составен од луѓе кои добро ја познаваат оваа професија, кои се експерти од оваа област, луѓе кои навистина нема да бидат оптоварени со тоа да носат партиски одлуки под влијание на нивните партиски челници.

Затоа што ако ги погледнеме надлежностите, начинот на работа на Советот, што се третирани во Главата 3 ќе видиме дека само од областа на надлежностите овој Совет има дури 19 надлежности и тоа најголем број од нив се многу суштински. Вели - одлучува за нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, ја следи работата на јавните обвинители, утврдува дисциплинска одговорност, одлучува за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител, го определува бројот на јавните обвинители итн, да не ги читам сите надлежности што се од многу суштинско значење за понатамошното функционирање на Советот.

На крајот би сакала уште да искажам некои забелешки, можеби тука заменикот министер ќе ми објасни, ако ги видиме преодните и завршни одредби, ова што досега го говорев, моето сомневање дека не одиме кон некакви значајни реформи во Јавното обвинителство, дека не одиме кон независност, туку напротив правиме Совет на јавни обвинители што ќе биде по мерка на парламентарното мнозинство, ни говори членот 57.

Во членот 57 се третира постапката за избор на членови на Советот од редот на јавните обвинители и став 2 вели: "првиот избор за членови на Советот од редото на јавните обвинители ќе го спроведе комисија назначена од министерот за прврда". Не знам навистина што значи ова комисија назначена од министерот за правда. И понатаму, за нејзиниот состав вели комисијата од ставот 1 на овој член е составена од 7 члена. 4 члена на комисијата се од Министерството за правда, а три члена од јавните обвинители, заменици јавни обвинители и определени врз основа на претходна согласност. Значи, повторно имаме доминација на влијанието на министерот за правда, односно на структурите кои што во овој момент се наоѓаат на власт. Дотолку повеќе ова го говорам сериозно, ако во целиот овој контекст се погледа и алинејата 6 каде вели: "комисијата од став 1 на овој член, во спроведувањето на првиот избор, ги има надлежностите на Советот и комисиите од членовите 18 и 19 од овој закон". А членот 18, почитувани колеги се однесува токму на тоа како комисијата ги подготвува кандидатските листи и на кој начин понатаму го врши изборот.

Значи, почитувани колеги пратеници не се добива впечаток дека навистина сакаме да донесеме еден закон кој што ќе биде во согласност со амандманот 30 од Уставот.

Сосема на крај, ќе кажам дека во своето излагање почитуваниот министер не повика на тоа, час побрзо да ги донесеме овие два закони. Можеби, во тој констекст беше и затворањето на дебатата по законот за јавно обвинителство, имајќи во вид дека некаде околу 20 до 30 јавни обвинители и заменици им е изминат мандатот и сега значи, имаме еден период каде што не можеме да избереме, или не знам зошто ги немаме овие јавни обвинители. Јас се прашувам, ако навистина бевме толку многу загрижени, односно ако министерот за правда беше толку многу загрижен, зошто се чекаше 8 месеци, не го земам претходниот период од формирањто на оваа Влада, да ни биде доставен овој закон, кој што немаше некои поголеми значајни измени. Значи, се работеше да се подготват неколку страници од овој закон, да ни биде доставен, а и од кога ни беше веќе доставен во собраниска процедура имавме еден несериозен пристап кон точките на дневен ред на кој што требаше да се разгледуваат овие закони и за нас беше поважно да се донесе законот за воведување на веронаука во училиштата, отколку до сега, а се надевам дека за две или три недели ќе беше завршена првата фаза од овие закони и ќе можеше во меѓувреме да се расправа во нивната втора фаза.

Значи, од една страна имаме несериозен пристап и потоа повторно да се префрли одговорноста врз Парламентот што апсолутно, не ја прифаќам таа одговорност, не само како дел од опозицијата, туку воопшто сметам дека овој Парламент нема ама токму никаква одговорност околу тоа што овие закони уште не се донесени. Напротив, опозицијата укажуваше дека овие закони треба да бидат многу одамна во собраниска процедура и до сега да ги имавме донесено.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, доколку не се прифатат дел од овие

сугестии и навистина, Владата, односно министерот за правда не најде разбирање и не се потруди барем до некаде да го почитува мислењето на пратениците од опозицијата, а и мислењето на Венецијанската комисија, што според мене е од големо значење, затоа што непочитуваајќи го ова мислење ги забавуваме реформите во судскиот систем, а со тоа сме се подалеку и подалеку од Европската унија. Сметам дека ќе ги земете во предвид овие наши забелешки и ќе обрнете внимание на она што го говорев околу концептот и составот на Советот на јавни обвинители и ќе овозможите што е можно поголема независност, затоа што верувајте со партиски послушници не се води ефикасна борба со корупцијата во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓобвинители Топузова Каревска.

Има збор господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе, навистина е помирно во Собранието кога вие ја водите седницата, а не претседателот. Секако, поправедно го правите тоа од него.

На почетокот да искажам разочарување зошто министерот за правда не е присутен денеска како претставник на Владата на оваа седница. Не дека имаме нешто против заменикот министер, кој секогаш коректно си ја завршува својата работа и имаме добра соработка и на собраниските комисии, меѓутоа, ова го кажувам повеќе од политички аспект, бидејќи министерот беше инволвиран во донесувањето на овој закон во комисиската расправа. Со него, ја имавме дебатата и пред него ги изразивме нашите аргументи и забелешки на овој закон за Совет на јавни обвинители, а претходно и на Законот за јавното обвинителство. Ова го потенцирам од аспект што, се надевам дека министерот за правда е оправдано отсутен, меѓутоа, го нагласувам од аспект, затоа што сакав токму него лично да го прашам зошто и во собраниската расправа при неговото експозе и претходно на Комисијата за политички систем и Законодавно правната комисија не го покажа мислењето на Венецијанската комисија за овие два закона, по конкретно за Законот за Советот на јавни обвинители.

Ако министерот за правда, односно Владата се повикува на наводно позитивно мислење од Венецијанската комисија, тогаш не гледам причина зошто да го крие. Веројатно, тоа е една од причините за денешното отсуство на министерот за правда, затоа што да го имаше позитивното мислење, тој денес ќе беше овде присутен и ќе се фалеше и ќе мафташе со него. Меѓутоа, тоа е загрижувачки момент, затоа што се обиде на Комисијата да ја задскрие вистината. Имено, самиот призна дека на 15 и 16 март, ова тело на Советот на Европа Венецијанската комисија расправала по овој закон, меѓутоа, кажа дека се уште не е официјално доставено мислењето до Владата на Република Македонија, односно Министерството за правда. Не знам од каде им се таквите информации, кога веќе истиот ден кога се одржуваше Комисијата за политички систем на 30 март, електронските медиуми објавија дека мислењето на Венецијанската комисија за законите за јавно обвинителство и Советот на јавни обвинители се негативни. Значи, медиумите се поинформирани од министерот за правда, или министерот за правда сака да ја сокрие вистината од нас пратениците и од јавноста. Имено, уште еден доказ во прилог на ова е дека ако навистина, беше позитивно тоа мислење, тогаш министерот за правда ќе го споменше барем еднаш во неговото експозе овде во Собранието, вчера, кога го даваше експозето. Доказ за тоа е стенограмот дека никаде не се повикуваше на таквото мислење, конкретно дека имало позитивно мислење.

Исто така, штета е што отсуствува министерот за правда, за да го прашаме дали е добро еден министер за правда, не зависно кој да биде член по функција во Советот на јавни обвинители, имајки предвид дека истовремено тој е член во Судскиот совет на Република Македонија, Академијата за обука на судии и обвинители и Судско буџетскиот совет на Република Македонија.

Мислам дека, ова што Владата сега сака да го протне во овој закон е класична демонстрација на концентрација на власт и моќ содржана во една личност, а тоа е министерот за правда. Значи, реков, без разлика кој и да е министер, ретко да постои ризик некој да остане имун на евентуални можни злоупотреби кои ги нудат сите овие функции, што по функција му припаѓаат на министерот за правда. Дали можеби во овој случај Владата смета дека се работи за некаков тип на суперминистер, за кој и онака се говори во кулуарите дека има моќ и влијание во судството. Останува да покаже времето. Меѓутоа, она што го прави Владата со вакви решенија е многу провидно. Имено, се сака на многу директен начин да се завладее со независните институции во Република Македонија од страна на извршната власт. Не може, еве јас да почнам од преодните и завршните одредби на овој закон, во членот 57 да предвидува дека првиот избор на Советот на јавни обвинители ќе го врши комисија формирана од министерот за правда. Тоа е катастрофално решение со кое Владата не се ни обидува да сокрие дека сака да има директно влијание во Јавното обвинителство. За ова да биде уште по провидно и понаивно од страна на Владата се предвидува во оваа одредба дека Комисијата која брои 7 члена, дури 4 од членовите, значи мнозинството, ќе бидат предложени токму лично од миистерот за правда. Навистина, ова е безобразно наметнување и пуштање на пипците на извршната власт и посегнување по независноста, непристрасноста и самостојноста на институциите во Република Македонија. Тогаш, за каква неселективна борба против криминалот и корупцијата оваа Влада се залага, ако сака на

овој начин директно да го запоседне влијанието на Јавното обвинителство преку Советот на јавни обвинители. Каква ќе биде таа неселективна и непристрасна борба на Владата, која постојано ја прокламира за борба против криминалот и корупцијата. Веројатно, само Владата за себе тоа си го знае и самата на себе може да си одговори, меѓутоа, не може да не убеди нас и не може без конечно да ја манипулира и да ја лаже јавноста.

Мислам дека вистинската реформа со донесувањето на овој Закон за Совет на јавни обвинители е оној дел каде што се воведува новината дека Советот на јавни обвинители ќе ги бира јавните обвинители. И оној дел од членовите на Советот кои ќе се бираат на непосредни избори од самите јавни обвинители. Тоа е во ред и тоа е чекор напред и тоа е дел од реформата. Меѓутоа, џабе е сето тоа кога Владата, односно Министерството за правда преку одредени решенија за составот на Советот на јавни обвинители директно го наметнува своето политичко влијание и волја.

Имено, не само со присуството на министерот за правда по функција во Советот на јавни обвинители кој бори 11 члена, туку и со оние две третини од членовите, односно оние три члена кои е предвидено да се бираат во Собранието, извршната власт со своето парламентарно мнозинство во Собранието, секогаш ќе има по сегашното решение 61 глас да избере три свои членови во Советот на јавни обвинители по своја волја. Затоа, е неопходно да се смени ова решение и овие три членови кои ги избира Собранието за во Советот на јавни обвинители да се бираат со двотретинско мнозинство овде во Собранието. Само така можеме да изградиме независни и непристрасни институции. Само така Владата може од себе да си го отргне сомнежот дека сака да инсталира свои членови, свои кадри во Советот на јавни обвинители, затоа што двотретиското мнозинство во Собранието е еден вид филтер, брана, односно гаранција дека Владата не може да прави што сака, не може туку така да постапува свои луѓе во вакви институции, односно дека согласноста на дветретини од пратениците, значи, се мисли и на партиите од опозицијата ќе биде дополнителен гарант за по што непристрасни членови во Советот на јавни обвинители.

Покрај тоа, како што реков, на министерот за правда ова ќе му биде 4-та институција по која тој ќе има директно влијание и моќ. Да ве прашам, дали Владата верува или самиот министер за правда дека и овој министер и било кој претходен или иден министер би можел објективно, реално и физички, покрај неговите редовни обврски во Владата и во Министерството, во овие 4 институции да ја извршува квалитетно и да биде активен во својата работа. Тоа е скоро невозможно, бидејќи да беше тука министерот ќе го прашав по кој конкретен предмет тој земал како член на Судскиот совет, што е по функција да постапува и да го сработи од почеток до крај. Дали министерот за правда земал еден предмет во Судскиот совет, покрај тоа што претседателот на Судскиот совет уште на скали надвор го пречекува, за да му направи чест и со тоа демонстрира понизност на една независна институција спрема извршната власт, покрај тоа што министерот за правда секогаш за сликање ќе седне до претседателот на Судскиот совет, со тоа што демонстрира безмалку дека е тој главен. Дали нешто реално министерот за правда сработил во Судскиот совет, или само тоа е обид преку него Владата да има директно влијание и во Судскиот совет и во Советот на јавни обвинители и во Академијата за обука на судии и обвинители и во Судскиот буџетски совет, каде што се делат финансиите и каде што се има пресудно влијание за работата на судовите и на обвинителството.

Значи, ова се аргументи со кои се покажува дека Владата воопшто не е наивна во своите задни намери да изврши политичко влијание во овие институции, наспроти нејзините прокламирани, декларирани определби дека ќе гради независни, непристрасни и самостојни институции. Од тоа сега за сега се уште нема ништо. Министерот ни покажува дека прави некои реформи, дека сакал да избере обвинител што нема да моли, меѓутоа, го прекршува, или излегува од уставните рамки на обвинителството итн, се со цел Владата да добие што поголема моќ и во обвинителството и во Советот на јавни обвинители кој ќе одлучува во работата на изборот на јаните обвинители. Не знам во кој правец Владата има намера да го одведе и независното судство и што ќе остане од тоа независното обвинителство и што ќе остане од тоа.

Значи, битно е да се вратам на оној дел каде што предлагаме трите члена на Советот на јавни обвинители Собранието наместо со 61 глас, со апсолутно мнозинство, да ги бира со квалифицирано двотретинско мнозинство, што ќе биде гарант за нивна поголема непристрасност, односно со поголем консензус на патриите во Собранието. Ова е битно затоа што токму тие членови ќе одлучуваат според новиот концепт на Советот на јавни обвинители за изборот на останатите јавни обвинители.

Затоа треба да добијат поголема доверба и да имаат поголема тежина која ќе им се даде со двотретинскиот избор овде во Собранието.

Една од работите што е многу битна, а се воведува како нова функција на Советот на јавни обвинители е неговото давање на мислење на Владата при изборот на јавен обвинител во Собранието на Република Македонија. Можеше да се дебатира за ова и по законот за Јавно обвинителство, меѓутоа, и те како е важно во овој закон, затоа што Советот на јавни обвинители ја има таа ингеренција да го дава мислењето до Владата. Наштa крупна забелешка до Владата е дека ова мислење на Советот на јавни обвинители не е задолжително за изборот на јваен обвинител на Република Македонија. Сметаме дека неговото мислење, ако сакаме да направиме вистинска реформа за да Советот ја има доминантната улога наместо Владата, затоа

што секој совет на јавни обвинители верувам дека ќе биде и постручен и понепристрасен од секоја политичка Влада на Република Македонија, тоа е факт. Не може Владата да си создава алиби да прави фарса дека спроведува реформи, а да го игнорира или да не го третира мислењето на Советот на јавни обвинители за изборот на Јавниот обвинител на Република Македонија. Тоа не е реформа, тоа е алиби за Владата, покритие за Владата, за да повторно и при изборот на Јавен обвинител го заобиколи Советот на јавни обвинители и избере Јавен обвинител по свој терк или по своја политичка волја. Вака кога Советот би имал задолжително мислење, тогаш би имале еден многу поидеален баланс и контрола при предлагањето на Јавен обвинител, давањето на негово мислење и изборот во Собранието, односно тоа би го правеле три различни власти, односно три различни институции. Прво, што е неспорно, правото на предлагање би останало кај извршната власт, кај Владата-тука е нашата забелешка дека во втората фаза треба да се вклучи Советот со задолжително мислење, условно, да може да стави вето на предлогот на Владата, затоа што Советот би бил составен од обвинители, луѓе од фелата, професионалци, кои сепак би биле многу помалку подложни на политичко влијание отколку на самата Влада која по дефиниција е политичка. И на крајот, изборот на Јавен обвинител би се вршел овде во Собранието во законодавната власт, што значи дека би имало многу поголема гаранција за понепристрасен избор на јавни обвинители. Се разбира, ова го надоврзувам во контекст на нашите предлози што ги дававме на Законот за Јавното обвинителство и Јавниот обвинител овде во Собранието да се избира со двотретинско мнозинство, што впрочем ќе потсетам дека беше и став на сега владеачката ВМРО-ДПМНЕ кога таа беШе опозиција и кога се носеа уставните реформи, минатата година.

Затоа, очекувам, бидејќи ова е прва фаза и за законот за Јавниот обвинител, односно јавни обвинителства за избор на Јавниот обвинител Владата да направи напор и да да предложи избор во Собранието на Јавниот обвинител со двотретинско мнозинство и во овој закон за Советот на јавни обвинители, членовите што ги избира Собранието во Советот да се бираат во Собранието со двотретинско мнозинство. Така Владата ќе докаже дека навистина е спремна и способна да изгради независни и самостојни институции, со кои Република Македонија и сите ние заедно ќе добиеме на квалитет како држава која сака да ги исполни условите за зачленување во Европската унија.

Ако присуството на министерот или како што образлагаше министерот за правда во Советот на јавни обвинители, целта негова ќе биде условно речено симболична затоа што тој е еден, а останатите се десетмина и дека тоа ќе се сведе само на обично присуство, јас воопшто не се согласувам со тоа. Зошто тогаш минситерот односно министрите се тепаат кој ќе добие уште една функција плус, конкретно во Советот на јавни обвинители, ако преку тоа не сакаат да остварат одредена политичка моќ и влијание. Затоа, ако опстојува министерот за правда дека неговото присуство таму ќе биде со еден глас симболично и ако верува во тоа, тогаш нека го промени решението во законот и нека наведе дека министерот е член во Советот на јавни обвинители по функција, меѓутоа, без право на глас, како алтернатива, да видам дали министерот е спремен тоа да го направи. Или ако толку инсистира министерот за правда да биде член на Советот на јавни обвинители, тогаш ова парламентарно мнозинство нека го смени Законот за Судскиот совет на Република Македонија и министерот за правда да не биде повеќе член на Судскиот совет ако сака да биде член на Советот на јавни обвинители. Се надевам дека тоа нема да му падне на памет никогаш да го направи, затоа што никој не би си дозволил од една комотна позиција да ја изгуби власта, моќта и политичкото влијание во овие институции, па така и овој минситер за правда.

Да завршам, генерално, СДСМ искажа спремност бидејќи се работи за прва фаза да даде подршка на овој закон, како што даде подршка на Законот за Јавното обвинителство, меѓутоа, со една голема задршка и голема резерва, затоа што многу добро знаете, во втората фаза, со какво мнозинство се носат овие закони и дека ќе ви биде потребна подршката на опозицијата. Со ваков текст на закон за Советот на јавни обвинители, тука ќе го споменам и Законот за Јавно обвинитеслтво, бидејќи на некој начин одеа во пакет овие два закиони, со такви решенија за кои говореше опозицијата, верувајте, нема да бидеме заложници, иако реформата треба да се спроведе, потребата не е спорна за никого, сакаме конструктивно да помогнеме и да придонесеме со нашите предлози Владата да ги вгради во текстот на законот. Ќе почекаме да видиме за 60 дена што ќе се случи во втората фаза, колку министерот за правда ќе биде конструктивен како што се декларираше, меѓутоа, нема во ни еден момент да бидеме заложници на подршката во првата фаза, до колку добиеме повторно ваков закон со решенија со кои Владата нема намера да ги направи овие институции независни, туку напротив, да инсталира свои луѓе и преку нив да има дирекно политичко влијание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам, господине Кондарко.

Има збор господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван претставник на Владата на Република Македонија,

Како пратеник би сакал да го искажам своето мислење во поглед на Предлогот за донесување на закон за Советот на јавни обвинители на Република Македонија.

Добро е што овој  Предлог за донесување на закон има три основни цели, односно конституирање на Советот на јавни обвинители, да ја дефинира постапката за избор и постапката за разрешување на јавните обвинители. Потребата од донесвување на законот за Советот на јавни обвинители всушност е усогласување со Амандманот 30 на Уставот на Република Македонија и еден обид да се регулира материјата односно домашното законодавство со законодавството со меѓународни стандарди од областа на правостудството.

Во однос на членот 6 од Предлогот за донесување на  законот за Советот на јавни обвинители,  каде што е кажано дека Советот е составен од 11 члена, во став 1, точка 5 е предвидено тројца членови на Советот да ги избира Собранието на Република Македонија од редот на истакнати правници, од кои двајца се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Сметам дека при утврдувањето на предлогот за овие тројца членови на Советот да си има предвид еден припадник да биде од редот на Ромската заедница, имајки ги предвид конкретните состојби, а уште повеќе фактот дека еден член во Советот ќе биде исто така припадник од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија од редот на избраните јавни обвинители, што значи веќе се работи за тројца членови од немнозинската заедница кои ќе бидат во составот на овој Совет и оттука уште повеќе сметам дека оправдано е моето барање да барам во составот на Советот на јавни обвинители да биде еден претставник граѓанин од Ромската заедница. Сметам дека ваквиот состав на Советот, особено при избор на јавни обвинители, бидејки составот ќе биде поголем дел од јавни обвинители, ќе овозможи изборот да биде заснован токму врз принципите на стручност, компетентност, одговорност и конкретни резултати. Преку донесувањето на овој закон за Советот на јавни обвинители ќе се добие она што е целта на Владата, еден самостоен орган кој ќе гарантира токму самостојност, независност, стручност и професионалност во работењето на јавните обвинители. Одговорниот пристап при конституирањето на Советот на јавни обвинители прецизно даден во четвртото поглавје и тоа од член 14 до член 36, дава гаранција за успешноста во работењето на Советот на јавни обвинители во иднина.

Имајки ја предвид состојбата во судството која е катастрофална, а особено зголеменио тпораст на дела од областа на организираниот криминал, сметам дека е крајно време за донесување на овој закон со кој ќе се влијае токму на оваа област. Бидејки основна цел на Советот на јавни обвинители во иднина е избор на јавни обвинители, освен Јавниот обвинител на Република Македонија кој го избира Собранието на предлог на Владата, сметам дека Советот на јавни обвинители треба да го има предвид фактот дека ниту еден Ром нема вработен во јавните обвинителства, основните и Вишото Јавно обвинителство, ниту како приправник, стручен соработник, заменик Јавен обвинител, а да не зборувам за Јавен обвинител. Од тие причини, сите оние кои ќе членуваат во составот на Советот на јавни обвинители во иднина предлагам да го имаат предвид овој факт дека е морално и согласно законот, односно Уставот на Република Македонија да бидат застапени граѓани од Ромската заедница во составот на јавните обвинителства, да не зборувам за другите органи во смисла на судовите од една проста причина, да не биде она народното “кадија те тужи, кадија те суди”. Напротив, нашата Ромска заедница да има активно учество во интегрирањето во државата, односно да има барем неколку приправници односно стручни соработници во составот на овие јавни обвинителства. Сметам дека Советот на јавни обвинители нема да ја прави грешката што е правена до сега, и од плурализмот од 1990 година до денес и од претходниот период после ослободувањето од 1945 година наваму, напротив, Советот на јавни обвинители ќе има една одговорна задача да не ја дискриминира толку токму Ромската заедница.

Еве, помина и времето, сметам дека оправдано е потребно да се формир атокму во овој период Советот на јавни обвинители и јас како пратеник ќе ја подржам оваа иницијатива за донесување на законот за Советот на јавни обвинители. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Салиу.

Пријавен за збор е господинот Иван Анастасовски, но има само многу малку време, минута.

Во ред, повелете господине Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Само една минута, само една реченица. Прво сакам да се заблагодарам на колегите Мери Младеновска Ѓорѓиевска и колегата Оливер Спасовски бидејки ми дозволија во таа една минута сосема  накратко да го искажам ставот на пратеничката група, која цврсто стои зад ова законско решение, бидејки е со знакот на Европската унија, односно усогласување на нашето законодавство со европското и затоа даваме целосна подршка. Уште еднаш им благодарам на колегите што ми дозволија тоа да го направам пред паузата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Анастасовски.

Бидејки веќе е 14,00 часот, ја објавувам редовната пауза до 15,00 часот.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи во 15,09 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, а пратениците кои се  во салата да седнат на своите места.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, претставник на Владата, навистина бев во дилема на кој начин да ја започнам мојата дискусија во однос на Законот за Советот на јавни обвинители, затоа што не само тргнувајќи од темите, туку тргнувајќи од сето она што се случува во Собранието и околу Собранието понекогаш сме принудени да започнеме на поинаков начин од тоа што е основната тема. И затоа на крај го поздравив претствникот на Владата, заменикот министер кој не знам веќе по кој закон го гледаме него, значи не е тука министерот за правда. Значи, наместо тој да биде присутен, бидејќи го даде експозето, наместо тој да биде присутен и да ги слуша нашите дискусии, присутен е заменикот. Не е лошо тоа што е заменикот тука, но лошо е што за многу значајни закони исклучиво заменикот е тука. Затоа што министрите во Владата денес, во петок по директива, по задача на премиерот се низ Македонија и тие комуницираат со граѓаните, наместо да бидат тука, да одговараат пред Собранието на Република Македонија. Знам дека колеги пратеници вие од позицијата го делите моето мислење, но за жал не можете тоа, или не сакате да го кажете јавно. Но, треба сите заедно, а пред се вие од мнозинството да се замислите на кој начин Парламентот ја контролира Владата. Наместо пратениците во Собранието кои сме непосредно избрани од страна на граѓаните да имаме време да контактираме со граѓаните, ние сме принудени да дежураме овде во Парламентот за да може да го кажеме своето мислење во однос на предложените закони. Кога би имало поинаква организација која ќе овозможи да ја знаеме точната динамика на работа, па пратениците да знаат однапред кои теми ќе се разгледуваат и да одлучат дали ќе имаат придонес во тој дел, или не, би можеле да правиме распореди секој од нас одреден дел од неделата да контактира и со електоратот да бидеме на непосредни средби со граѓаните. Но, неможеме да го правиме тоа, затоа што постојано ги преврте дневните редови и не се знае кога ќе дојдеме во Собранието која точка ќе биде точка на дневниот ред. Јас не знам навистина што ќе разговараат министрите во Владата со граѓаните, посебно оние што не се избрани од страна на граѓаните, бидејќи не биле на кандидатските листи, освен да се сликаат со нив, да прават разговетни муабети, но не верувам дека може да направат тоа што би можеле пратениците како законодавен дом. Затоа што Собранието е законодавен дом и ние ги носиме крајните одлуки. Не е лошо што можеби и министрите ако си ја завршиле својата работа, имаат време да контактираат со граѓаните, го оправдувам тоа. Но, не верувам дека министрите ја завршиле својата работа и дека навистина со мирна совест можат да отидат да се среќаваат на средби со граѓани, а да ги нема овде во Парламентот каде што треба да даваат отчет за својата работа, бидејќи тие се избрани од Парламентот. Верувам дека и можеби граѓаните ќе бидат свесни за ова откако ќе помине таа првина реакција на контакт со министрите, откако ќе видат дека тие контакти не носат којзнае што и неможат да донесат нешто повеќе од тоа што би можело да се донесе, ако министрите се во Владата, во Парламентот, работат во интерес на граѓаните. Но, тоа не го гледаме. Реков, времето ќе го покаже и тоа, но наше е да реагираме, посебно ние од опозицијата кои навистина сме овде постојано во Парламентот, ги проучуваме законите, пишуваме амандмани, дискутираме, со цел да дадеме придонес кон овој процес, а не како што некој се обидува постојано да повторува, дека сме тука за да ги одолговлекуваме постапките. Еве, и пред продолжувањето на оваа седница и на многу други седници на почетокот се гледа кои пратеници се присутни во салата, дали се позиција, или опозиција, тука сме сите се препознаваме и знаеме.

Колеги пратеници, кога го читав Законот за Советот на јавни обвинители навистина не можев а да не си кажам дека е добро што Советот на јавни обвинители е споменат во Уставот на Република Македонија. Ќе ви кажам потоа зошто, кога ќе ја анализирам содржината на законот. Едноставно изготвувачот не можел да се апстрахира од уставните одредби кои дефинираат дека Советот на јавни обвинители е должен, има надлежности да ги избира и да ги разрешува јавните обвинители, освен Јавниот обвинител на Република Македонија кој се избира и се разрешува во Собранието на Република Македонија. Ако ова не беше пропишано во Уставот, јас сум сигурна дека со оваа Влада ќе останеше старото решение, сите обвинители да се именуваат и да се разрешуваат во Парламентот. Затоа што покрај тоа што и во Законот за обвинителство и во Законот за Советот се дефинираат прашања кои што се надлежност на Советот на јавни обвинители, неговата улога апсолутно се минимизира и од страна на Владата и од страна на Парламентот и од страна на уште едно тело дефинирано во членот 72 од Законот. Улогата на Советот се минимизира со постапката за избор на обвинител, затоа што постпката за избор овозможува и со негативно мислење на Советот да биде избран јавен обвинител во Парламентот на Република Македонија, но за деталите нема да зборувам, бидејќи ги кажав сите можни ситуации од таквото однесување на Владата кога зборував за Законот за јавно обвинителство.

Улогата на Советот се маргинализира и во постапката за разрешување кога се дозволува да се формира посебна владина комисија која ќе го оценува недоволното постигнување, резултати од страна на јавниот обвините. Значи, Владата ќе си формира комисија од седум члена, тие седум члена кои ќе бидат од редот на истакнати правници, сигурно нема да бидат луѓе кои што немаат никаков контакт со партијата на власт, тие ќе направат извештај во кој што ќе се оцени дека

јавниот обвинител на Република Македонија не ја извршува добро својата функција, има незадоволителни резултати и потоа постапката како многу пати до сега си продолжува во процедура до Парламентот, мнозинството изгласува недоверба, се разрешува јавниот обвинител. Дали овие одредби се во согласност со уставната определба за јакнење на независната позиција на јавниот обвинител? Не. Имаме само тело што формално ќе фигурира затоа што е предвидено во Уставот и таа беше интенцијата на законодавецот. Тогаш беше претходниот парламентарен состав, а сега тоа се претвара во нешто друго.

Но, има и уште едно многу позначајно прашање. значи не се работи сега само за јавниот обвинител на Република Македонија за кој пред малку зборував и во постапката за именување и за разрешување, туку за сите јавни обвинители. Согласно Уставот јавните обвинители ги избира и ги разрешува Советот на јавни обвинители. И ако се следи оваа уставна определба, тоа понатаму требаше и ние очекувавме да биде разработено во овој закон. Но, што се случува? Во членот 72 од Законот за јавното обвинителство, морам да го споменам, бидејќи е поврзан со овие одредби за Советот за јавни обвинители стои: постапката за утврдување на одговорноста на јавниот обвинител ја спроведува комисија во состав од пет члена формирана од јавниот обвинител на Република Македонија. По жалбата на одлуката на оваа комисија одлучува Советот на јавни обвинтиели, а против одлуката на Советот, јавниот обвинител има право да поведе управен спор. И ќе го прочитам членот 68 каде што е наведено дека јавниот обвинител се разрешува од функцијата поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршењето на функцијата јавен обвинител пропишана со закон и поради нестручно и несовесно вршење на функцијтата јавен обвинител под услови утврдени со закон. И во ставот 2 стои: предлогот за поведување постапка за утврдување на одговорност од ставот 1, се поднесува во рок од 30 дена од денот на дознавањето, но не подолго од две години од денот кога е сторена повредата. Ова го споменувам од причина што вешто со овој закон се настојува да се маргинализира улогата на Советот, бидејќи кога ќе постојат причини за утврдување одговорност, како што според интенцијата на одредбата од 68 е предвидено, потешка дисциплинска повреда и поради нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, оваа постапка нема да ја води Советот како што е кај Судскиот совет и тие одредби, значи селективно сте ги препишувале каде што била чиста ситуацијата, не ви било пречка, сте ги препишале, а каде што не, сте ставиле други решенија, нема да ја води Советот на јавни обвинители како орган во кој што ќе партиципираат и обвинители избрани од самите обвинители, туку ќе ја води комисија формирана од јавниот обвинител. И ако ја знаеме постапката за избор на јавниот обвинител, јасно е кои ќе бидат членови на комисијата, петте лица што ќе ги избере јавниот обвинител. А зошто го правите ова? Заради тоа што се плашите од тие членови во Советот, значи нив сакате да ги маргинализирате нивните ставови од тие членови во Советот што ќе бидат избрани од јавното обвинителство, од четирите виши обвинителства, припадникот од заедницата и обвинител избран од сите обвинители во Република Македонија, бидејќи нема да можете да влијаете, или се плашите. Јас дури не се плашам дека ќе влијаете. Влијаете и сега прилично, барем тоа тие што се во оваа фела вклучени добро го знаат, но сепак, ставате резерва дека можеби нема да можете да влијаете на обвинителите кои ќе гласаат за членовите на Советот за јавно обвинителство од редот на обвинителите па за секој случај си ставате една ваква одредба која многу фино ќе овозможи да се води постапката. И по жалба ќе може Советот, значи одлуките на Советот ќе бидат како второстепен орган, одлучувајќи по жалби ќе може одлуката на комисијата, оваа од пет обвинители што ги поставил јавниот обвинител да ја укине, да ја преиначи. Ова колеги, не е интенција на уставните одредби. Навистина треба сериозно да размислите и да ги дефинирате овие одредби, да ги редефинирате и поинаку да ги пропишете во втората фаза, ако навистина сакате овие закони што се многу значајни за Република Македонија овде во Собранието да поминат со консензус. Во спротивно вие ќе ја носите одговорноста за идните случувања и идната работа во обвинителството, во Советот на јавното обвинителство и општо постапката за конституирање.

Во Законот за обвинителство сте ги препишале од Законот за судови причините за дисциплинска одговорност и причините за нестручно и несовесно работење и сте сметале дека само на тој начин ќе ја завршите работата. Никаде немате дефинирано дисциплинска постапка. Како ќе се води таа дисциплинска постапка, кој ќе ја води дисциплинската постапка, тоа ви е правна празнина. Намерно или ненамерно, јас верувам дека е тоа намерно направено. Ако во Законот за судски совет и тоа е интенцијата и на уставните определби, затоа и во Законот за судски совет пропишавме, има дефинирана постапка за дисциплинска одговорност. Овде тоа го нема. Кој ќе ја води дисциплинската постапка, ќе се претпоставува? Јас навистина не знам што сте мислеле кога сте го правеле овој закон, дали овој закон навистина одговара со сето тоа што претставува уставна одредба? Не. Нема да зборувам за другите прашања кои што и во досегашните дискусии се исцрпени и по однос на расправата за Законот за јавното обвинителство и колегите што дискутираа за Советот на јавни обвинители. На крајот само сакам да го потенцирам значењето на примената на законите. Ние ќе ги пропишеме во закон работите и верувам дека ќе ги имате предвид овие дискусии, како што споменав за во втората фаза навистина да излезе

Собранието како победник, како законодавен дом кој донел закони согласно европските стандарди. Но, најважно е прашањето за имплементација. Како овие закони ќе се имплементираат во пракса? Јас споменав дека истиот Закон за обвинителство што сега се применува, се применуваше истиот и од страна на претходната Влада, имаме сосема различна реалност во јавното обвинителство на Република Македонија. Сеењето страв колеги, е работа на краток рок. Можете тоа да го правите извесен период, но потоа резултатите од тоа сеење страв го чувствуваме сите ние. И затоа е најдобро да се пропишат одредби и за јавното обвинителство и за Законот за Совет на јавни обвинители кои ќе ја јакнат независната позиција на јавниот обвинител наспрема законодавната и извршната власт со точно дефинирање на релациите со овие две власти, но ќе ја јакнат и неговата одговорност, професионалното работење, стручното работење и непристрасното работење, постапување и работење исклучиво согласно законот, а не врз основа на партиски директиви и партиски наредби. Сметам дека овие законски одредби не го овозможуваат тоа. На крајот се се сведува на улога на Владата, на улога на мнозинството во Парламентот и улога на ова комисија која ќе ја формира јавниот обвинител која ќе треба да одлучува за одговорноста на останатите обвинители. Како што гледаме и во изминатиот период овие позиции овде и во Владата се менуваат и ова неслучајно го кажувам, затоа што треба кога ги носиме ваквите закони да се апстрахираме од моменталната позиција што секој од нас ја има, од моменталната позиција на политичките партии, бидејќи овие работи се менуваат, па за да не дојдеме во некое друго време кога вам ќе ви пречат овие одредби што денес ги разгледуваме. Ова е во интерес на Република Македонија и токму затоа треба точно овие работи за кои што зборував да бидат прецизирани во закон за да не ги гледаме репризите што сме ги имале до сега. Ако сите искрено се бориме за овие позиции на јавното обвинителство за борба против организиран криминал и корупција, непристрасно, независно од партиски интереси, мислам дека ова е и за вас прифатливо и би требало да биде дел од законските одредби. Во спротивно ќе ја имаме состојбата како што ја имаме сега за работата на јавното обвинителство повеќе да зборуваат министрите во Владата, а најмалку да зборуваат јавните обвинители кои се плашат од ден на ден се повеќе се плашат да донесат одлуки поврзани со нивната работа.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, сосема накратко сакам да ги искажам моите ставови во однос на донесувањето на овој Закон за Советот на јавни обвинители, впрочем како и за Законот за јавно обвинителство, така и за овој закон сакам да искажам задоволство што воопшто разговараме на оваа тема, заради тоа што премногу доцневме, ги рушевме и уставните рамки, не донесовме ниту измени на тој дел во Уставниот закон и тн. Меѓутоа, денеска можеме да расправаме за Законот за Совет на јавни обвинители, иако многу од аргументите кои што би ги употребиле и за овој закон беа кажани во расправата по Законот за јавно обвинителство. Ова за прв пат во правниот систем во Република Македонија се формира Совет на јавни обвинители се со единствена цел да ги оствариме заложбите кои што беа заложби на минатата власт која што декларативно со заложби и на оваа, еве сега да го преточиме во законски рамки се со цел да направиме институција која што ќе биде понезависна институција која што ќе може ефикасно да се справува со предизвиците и да го штити правниот поредок на Република Македонија, институција во која што ќе веруваат граѓаните на Република Македонија, се со цел да имаме најмногу успешна борба против криминалот и корупцијата, а што допринесе Република Македонија да назадува, или сеуште да стагнира во нејзиниот развој заради тоа што постојано имавме на овие места луѓе кои што беа под притисок од власта, без разлика во кој период од самостојноста на Република Македонија тоа се однесувало.

Што се однесува до Советот на јавни обвинители реков кога разговаравме за Законот за Јавно обвинителство, уште тогаш ја наметнав дилемата и искажав резерва во составот на Советот на јавни обвинители во кои што повторно се јавува министерот за правда. Без разлика која е личноста во моментот, без разлика која политичка партија ќе го води овој ресор или која Влада е актуелна власт во Република Македонија мислам дека министерот за правда на овој начин ја заокружува концентрацијата на сопствената моќ во правниот систем во Република Македонија. Тоа впрочем се чувствува во редовите на судството на Република Македонија, не придонесуваме за независност туку напротив имаме одредени диригирани активности во овоие судски органи. Токму тој аспект мислам дека барем во составот на Советот на јавнии обвинители не би требало да биде министерот за правда, заради тоа што гледајќи ги работите во Судскиот совет, во Републичкиот совет, академијата за обука на судии и обвинители, концентрацијата на таквата моќ ќе не оддалечи од нашата заложба за борба против корупцијата, или пак може да не наведе дека ќе имаме селективност во пристапот кон одредени прашања. Истото го поставивме и при постапката за избор на јавниот обвинител.

Мислењето на овој Совет, според одредбите од Законот за јавно обвинителство не е задолжително. Можеме да искажеме вакви или онакви аргументи за тоа дали би требало да биде задолжително, дали би требало да биде избран од страна на Собранието, имајќи предвид дека го штити правниот поредок на Република Македонија за мене е прифатливо да биде на предлог на Владата, меѓутоа двотретинското

мнозинство за избор и почитувањето, значи тогаш мислењето на Советот на јавни обвинители ќе дојде до израз. Ако имаме избор на јавен обвинител со двотретинско мнозинство во Собранието тогаш мислењето што ќе го дадат стручни, компетентни луѓе, телата на јавното обвинителство кои што голем дел од својот работен век поминале во обвинителството ќе можеме да имаме аргументи, прецизни, квалитетни луѓе кои што ќе бидат предложени и само врз основа на аргументите ќе може да се врши избор или промена на јавниот обвинител. Впрочем, и да го имплементираме она што го договараме како независност во Јавното обвинителство, заради тоа што ако востановиме таква пракса тогаш би било нормално и мандатот на обвинителот да трае шест години, што алудира токму на премостување во еден нареден период на половина заради не сменување поради политички причини, заради тоа што не одговара на одредена гарнитура која што е во моментот на власт, од одредени луѓе.

Мислам дека на таков начин и Советот на јавни обвинители ќе работи многу постручно и многу покомпетентно и со тоа ќе придонесе во квалитетот на сопствената работа, ефикасноста на судството итн., и ќе ги отстраниме многуте лоши појави кои се случуваат и во Јавното овинителство во овој момент, тотално партизирајќи го при секоја промена на власт Јавното обвинителство од највисоко ниво па до Основното јавно обвинителство постојано ни се случуваше да имаме крајно селективен пристап во тој дел и одредени предмети кои сеуште не се процесуирани. Мислам дека во овој период треба да покажеме со формирањето на ваквиот совет дека ја напуштаме таквата пракса, ќе застанеме цврсто во борба против криминалот и корупцијата впрочем и да видиме, искрено да кажам јавниот обвинител на Република Македонија не се покажа ниту како зависен, меѓутоа ниту како независен, сеуште молчи и мислам дека е време да ги преземе првите чекори за да навистина не увери во она што беше искажувано на почетокот и од страна на Владата при неговиот избор.

Исто така во однос на изборот на членовите на изборот на членовите на Советот на јанви обвинители сметам дека на ваков начин на поставеност прво имаме избор на јавен обвинител според постојни закони, кои не се изменија овде, при вршењето мое длабоко убедување е дека може јавниот обвинител да има влијание на изборот на членовите на Советот на јавни обвинители заради тоа што сега им е непосредно претпоставен може директно да влијае во Основното јавно обвинителство при избор и да се состави Совет на јавни обвинители според мерката на Владата на владеачкото мнозинство во Република Македонија во даден момент заради тоа што ако јавниот обвинител е избран од Собранието со просто мнозинство на гласови тогаш апсолутно станува збор за личност која што е подобна за парламентарното мнозинство и на тој начин може директно да ги имплементира насоките кои што ќе бидат од страна на Владата во Советот на јавни обвинители што ќе придонесе за намалување на капацитетот и дигнитетот на оваа институција. Впочем и со самото тоа што и мислењата по однос на стручност и компетентност на Советот на јавни обвинители ги потценивме со Законот за јавни обвинители, заради тоа што единствено што можеме да направиме е да ги почитуваме аргументите зошто Владата нема да го прифати таквото мислење. Ништо повеќе од тоа. Мислам дека уште на старт го девалвираме овој Совет или го правиме Совет само за да кажеме дека треба да има Совет.

Уште повеќе што тројца од членовите на Советот ги избира Собранието на Република Македонија пак со просто мнозинство кои што се истакнати правници кои треба да бидат припадници на заедниците. Исклучиво ќе биде зависно од волјата на парламентарното мнозинство, што пак не кореспондира со заложбите за стручност и компетентност во овој дел, туку исклучиво на партиска припадност. Заради тоа мислам дека Владат треба сериозно да размисли во делот на изборот исто како и на јавниот обвинител и овие членови да се бираат со двотретинско мнозинство, да имаме постигнато значаен степен на консензус во Собранието на Република Македонија се со цел вистинските луѓе да бидат дел од Советот на јавнио обвинители. На тој начин да го заокружиме овој систем на реформи во правосудството кој што беше започнат, систем на реформи од кои што очекува Европска унија навистина да го направиме во вистинска насока онака како што бараат потребите во Република Македонија и на крајот да ги имаме резултатите кои што Македонија и нејзините граѓани предолго ги очекуваат. Ако тоа успееме да го имплементираме навистина ќе одговориме на предизвикот кој што е сега пред нас, меѓутоа, ќе ја оддолжиме нашата одговорност што ја имаме како Собрание на Република Македонија.

Доколку останеме на решенијата кои што се дадени овде и повторно продолжиме да работиме според она што се нарекува волја на парламентарно мнозинство, а само декларативно кажуваме дека сакаме да направиме вистински реформи мислам дека патот не е вистински, ќе останеме сосема на исто ниво како што сме денеска и пак нема да продолжиме да се движиме во саканата насока, туку ќе имаме стагнација токму во овој дел. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Имаме на оваа седница два основни закони кои што заради одредени мислења од страна на меѓународната организација односно Европска унија едниот беше Законот за јавни обвинители и вториот Закон за совет на јавни обвинители на Република Македонија.

Јас би сакал пртходно да се осврнам на уставните амандмани кои беа донесени од претходниот парламентарен состав и на амандманот 30 кој што го регулира Јавното обвинителство.

Мислам дека и при разрешувањето на јавниот обвинител на Република Македонија Александар Прчевски, тогаш се создаваше една дилема и по таа точка изнесов свое мислење. Мислам дека треба да се чита амандманот во кој што и да се разликува јавен обвинител на Република Македонија и јавни обвинители. Од страна на опозиционите парламентарци цело време и тогаш и сега мислам дека тие два поима ги поистоветуваат што не е точно, затоа што и во уставниот амандман е кажано, уставен амандман 30 став 4 "јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија", додека во став 5 кажува дека јавните обвинители ги избира Советот на Јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот. Затоа сметам дека не треба да се поистоветува надлежноста на Советот на јанви обвинители во однос на изборот и разрешувањето на јавните обвинители.

Дадено е во Законот за Јавно обвинителство каде што Советот на јавни обвинители дава свое мислење по однос на изборот и разрешувањето на јавниот обвинител на Република Македонија и тоа е добро, но не е обврзително, не е задолжително. Тоа е мислење по кое мислење треба Владата на Република Македонија да даде мислење дали ќе го прифати или нема да го прифати тоа мислење, затоа што и во уставниот амандман е кажано дека предлагач на јавниот обвинител на Република Македонија е Владата на Република Македонија и сите свои предности или мани на таков предлог ги сноси предлагачот, а тоа е Владата на Република Македонија.

Во однос на јавните обвинители кои што треба да бидат избрани од страна на Советот на јавнио обвинители сакам да укажам дека компаративниот преглед кој што ни е доставен од Министерството за правда има разни начини на решавање на односот на јанвото обвинителство со извршната власт. Во Авсрија, Белгија, Чешка, Данска, Франција, Полска, Турција, САД, Швајцарија Јавното обвинителство е дел од извршната власт или е од надлежност на Министерството за правда, додека има јавни обвинители кои што се именувани од извршната власт но откако ќе бидат именувани се целосно независни по именувањето. Тоа е во Кипар, Малта, Словенија, Шпанија, Велика Британија.

Она што беше забелешката на пратеникот Борис Кондарко, тоа што го кажа на Комисијата за политички систем од моја страна и тогаш беше одговорено ека ако министерот за правда треба да биде член местото му е првенствено во Советот на јавни обвинители. Со оглед на функциите што ги кажавме и што ги има министерот за правда, голем број на функции и пратеникот Кондарко ги кажа првенствено што треба да биде е во Советот на јавнио обвинители. Можно е да се размислува во другите совети, како што е државен судски совет најмалку му е местото. Ако му е местото, местото му е во Советот на јавни обвинители. Зошто го кажувам тоа. Затоа што при изготвувањето на амандманите од претходната Влада во Нацрт верзијата на амандманот 29 беше кажано дека предлогот беше на Нацрт амандманот "Советот на државни обвинители" претседава министерот за правда". Во тој случај тогашната власт која што ги предлагаше амандманите цврсто беше решена да ги даде сите надлежности на министерот за правда мислејќи дека тоа е најдобар начин. Но, затоа сакам да укажам дека местото на министерот за правда му е во Советот на јавни обвинители. Мислам дека е добро решение што е предложено да биде во Советот на јавни обвинители и да има свое одредено влијание колку е можно со оглед дека е еден единствен член во Советот од 11 члена и да има свое влијание при изборот и разрешувањето на јавните обвинители во Република Македонија.

Би се задржал на законот за Советот на јавнио обвинители.

Мислам дека е пресликан со огледн на законот за Државен судски совет во однос на одредбите кои што се во Законот за Совет на јавни обвинители. Нормално со спецификите што ги има овој закон за својата надлежност на Јавното обвинителство.

Во основните одредби е укажано дека се уредува надлежноста,составот и структурата на Советот на јавнио обвинители на Република Македонија.

Во глава 2, е составот и претседател на Советот и мое размислување е дека треба да се размисли дали е доволен бројот 11 члена да биде составен советот, или можеби треба да се зголеми на бројот 13 со оглед на надлежностите кои ги има и треба да ги има Советот на јавнио обвинители.

Таа сугестија би требало Министерството за правда да ја разгледа, мислам дали треба да се зголеми бројот на ченовите на Советот на јавни обвинители.

Исто така во однос на член 7 моето укажување е дали мандатот на членот на Советот треба да биде 4 години или можеби треба да биде шест години за да има еден одреден континуитет кој што мислам дека ќе биде многу подобро да биде со шест години за да може да оствари одредени свои размислувања при работата на Советот на јавни обвинители отколку да биде на четири години.

Во однос на постапката за избор на член на Советот, како што кажав начинот и избор на член на Советот е пресликан според начинот за избор на член на Државен судски совет, што мислам дека е во ред.

Во однос на избор, престанок и разрешување од функција на јавен обвинител, Глава 5, добро е што е решено со тоа што е укажано на сите поединости кои што треба да ги има Советот на јавнио обвинители во својата надлежност и за изборот и разрешувањето на јавни обвинители.

По однос на другите одредби кои што се во Законот на Советот за јавнио обвинители добро се регулирани и е добра подлога за носење на закон и за избирање на Совет на јанви обвинители кој што ќе ја оствари својата функција со оглед на надлежностите кои што се дадени во уставниот амандман и со оглед на очекувањата што се имаат од Парламентот и граѓаните да се изберат квалитетни јавни обвинители, јавни обвинители кои што ја ќе си ја вршат својата функција, кои што ќе бидат активни и кои што ќе придонесат во однос на намалувањето накриминалот.

Овие мои забелешки мислам дека во втората фаза треба да ги има предвид Министерството за правда како предлагач на овој закон до Владата и се надевам како што Законот за јавно обвинителство така и овој закон за Совет на јавни обвинители ќе биде побрзо донесен за да може да си ја исполни задачата што ни стои овде во Парламентот.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас сакам во неколку насоки да му реплицирам на почитуваниот колега.

Прво, во тоа дека првиот дел од неговото излагање беше во насока колку е важен овој закон и дека нас ни е потребно мислењето кое што ќе го слушнеме од Меѓународната заедница и колку се важни за понатамошните наши аспирации кон Европска унија и интеграции. Токму поради тоа сакам да кажам во таа насока се и укажувањата на опозицијата дека треба да се почитува мислењето на Венецијанската комисија која што го дава во однос на овие два закони, каде што се инсистира на поголема независност на јанвите обвинители и јавниот обвинител и почитување на мислењето на Советот на јавни обвинители при изборот на јавен обвинител.

Не знам во што е дилемата околу амандманот 30 почитуван колега. И ние знаеме дека јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од шест години со право на повторно именување. Тука никаде не стои Владата. Значи, сега овде е дебатата на начинот на кој што ќе го избира и разрешува Собранието. Мислам дека тука сме апсолутно во право кога ги даваме нашите сугестии во таа насока.

Во насоката околу учеството на министерот за правда мислам дека позначајно е да дебатираме околу самиот концепт на Советот. Ние говориме дека вака како што е даден концептот на Советот и начинот како што се избираат шест члена ќе бидат под директно влијание на партиите кои што во тој момент ќе бидат на власт, без разлика кои партии или кои коалиции се на власт. Токму во таа насока беа нашите забелешки и сега почитуваниот колега нуди уште два члена да има тој совет. Апсолутно не е спорно дали ќе има уште два, но мене ме интересира тие членови како ќе бидат избирани и од кои редови ќе доаѓаат. Ако и тие два члена уште треба да бидат по овој клуч што до сега го имаме, партиски избрани членови тогаш уште повеќе се истакнува независноста на судскиот совет. Значи, во таа насока е мојата реплика и дилемата што ја искажувам околу овие два члена, затоа што овде не беше споменато како ќе бидат бирани тие два члена. Дали ќе бидат од редовите на експертите. Ќе ги избира Собранието, ќе ги именува Владата итн. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе,

Моето размислување во однос на двата члена јас само го изнесов, а тоа треба Министерството за правда да го разглоби, мислам постапката на избор уште два члена.

Во однос на мислењето што го дава Советот на јавни обвинители ако ги почитуваме уставните амандмани се знае дека предагач е Владата, а го избира Собранието на Република Македонија, јавниот обвинител на Република Македонија. Не смееме ние да му дадеме надлежности на Советот на јавни обвинители да дава задолжително мислење кое што ќе ја обврзува Владата, како што и од страна на министерот за правда се кажа. Доколку постои задолжително мислење во тој случај предлагач нема а биде Владата на Република Македонија туку ќе биде Советот на јавнио обвинители кој согласно уставните амандмани не е така регулирано. Затоа моето размислување беше дека е добро решението да дава мислење само Советот на јавнио обвинители.

**Иван Анастасовски:** Благодарам колега.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за Совет за јавни обвинители на Република Македонија;

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за Совет на јавни обвинители на Република Македонија при што ќе ги има во предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија;

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Пред да го ставам на гласање ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Во едно би ги замолил службите да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Почитувани колеги овде ја прекинувам денешната работа.

Продолжуваме во понеделник во 11,00 часот со гласањето по однос на оваа точка и со истата седница.

Пријатен викенд.

(Седницата прекина со работа во 15,55 часот)